**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-2057/2**

**З А П И С Н И К**

**Од 60-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 11.04.2018 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемдалија-зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Косана Николиќ Мазнева,Ивана Трајковска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамдани,Гајур Рамадани, Анита Латифи и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека и Ристе Панов.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Арун Ибраими-заменик директор на МРТ,Мигена Горенца-Одговорен уредник на Втор програмски сервис,Наташа Андрееска-Одговорен уредник на Прв програмски сервис МРА-Радио Скопје,Зоран Мирчевски- Одговорен уредник на Втор програмски сервис МРА,Аки Мустафа- Одговорен уредник на Трет програмски сервис МРА,Елизабета Ј Митревска-Раководител на Сектор за правни работи.

Седницата започна во 10:15 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на записниците од 58-ма и 59-та седница на Програмски совет на МРТ.

2. Информација за подготовките за новиот канал за 24-часовна програма на алабански јазик.

3. Дискусија со уредниците на програмските сервиси во Македонското радио во врска со емитуваната програма во 2017 година,за планот и досегашното остварување во 2018 година, и квалитетна анализа со насоки и планови за подобрување во 2018 и 2019 година.

4. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записниците од 58-ма и 59-та седница на Програмскиот Совет на ЈРП МРТ**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 58-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Златко Јанквски со забелешка дека треба во делот што беше корегиран да се додадат и сумите и процентите што беа споменати на седницата.
Записникот од 58-ма седница на Програмскиот Совет беше едногласно усвоен со нотираните забелешки.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 59-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 59-та седница беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно го усвои записникот од 59-та седница.

**ТОЧКА 2: Информација за подготовките за новиот канал за 24-часовна програма на алабански јазик.**

Воведно излагање по оваа точка даде Мигена Горенца Одговорен уредник на Втор програмски сервис и објасни пред присутните дека МТВ2 има идеја за програма за идниот канал која е и ставена и на хартија,но секако дека истата не може да се изреализира бидејќи немаме новинари доволно за овој канал кој сега го имаме а и техника и истите тешко се снаоѓаат сега во моментов,незнам како ќе одговориме на потребите за новиот канал со ваква постава на овинари и со ваква техника.Исто така МТВ2 нема толку големи Студиа во кои би можела да се реализира така обемна програма.Ние како сервис израчунавме дека од прилика ќе ни бидат потребни околу 60 нови вработувања,од кои најмалку би биле 30 новинари, и тоа само за програма на албански јазик,што произлегува дека со овој кадар кој сега го имаме нема да можеме на никој начин да отпочнеме со реализација на 24 часа програма на албански јазик.МРТ реално нема постоечки студија и капацитети за три каналаи општо ма какви и да биле канлите,а нам ни се потребни технички опремени студија и подготвена сценографија за да почнеме со новиот канал додаде Мигена.Што се однесува пак до каналаот за помалите етнички заедници истите немаат сега кадар за постоечката програма а да не говориме за дополнителна програма како и техника се снаоѓаат по другите редакции.
По излагањето на Мигена за збор се јави членот Илир Рмадани кој истакна дека од вас и од заменик директорот беше ветено дека на 16.04 ке се започне со емитување на програма на новиот канал, јас како член на Програмскиот совет во МРТ ги разбирам проблемите кои беа наведени и кои постојат реално но ова вака цело време ќе се развлекува и вие заедно со менаџерскиот тим на куќата мора да имате некој план.Мигена секако дека имаме план но за да се реалзира истиот мора да постојат основни средства и нови вработувања, и секако дека заедно со менаџерскиот тим да бидеме тие што ќе го отворат новиот канал.
Членот Косана М Николиќ после излагањето на Мигена предложи да се испрати една Информација со која ќе се информираат сите надлежни и засегнати институции за реалнта ситуација околу отпочнувањето со работа на каналот, односно се што е потребно и се што беше ветено од нивна страна а до ден денес не е исполнето за да профункционира каналот.
Претседателката на советот предложи истото може да се направи наредната недела на расправата за Предлог законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Снежана Клинчарова со став дека распрвата која се одвива периодов за престојниот закон нема никаква врска со профункционирањето на овој канал, и дополни дека имплементацијата на овој канал е договорена со еден друг договор,и затоа Предлог Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема никаква допирна точка со ова, е сега тоа зошто нема планирани средства во буџетот на државата,тоа треба да е главното прашање на кое треба да се посвети внимание,затоа во дописот треба да се постави прашање дали се планирани средства од буџетот за овој канал, и кога се планира да бидат префрлени на МРТ за да се отпочне со работа каналот.

Членот на советот Гајур Рамдани исто така дополни и се обрати до одговорниот уредник на МТВ2 и до заменикот директор дека ние очекувавме денес да ни објавите дека ќе запошнете со работа во некој од наредните денови и не се сомневаме дека вие самите сакате тоа да се случи, но сепак мора да се има некој план кој треба да се достави институции со стриктни датуми кога ќе профункционира каналот.Најдобро би било да се започне со емитување на експериментална програма за да профункционира некако каналот,вака ако се чека без превземање на конкретни чекори па макар и биле некакви порадикални никогаш нема да се отпочне со каналот.
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саракањац истакна дека има впечаток од досегашните јјавни расправи и она што може да се види од излагањата дека повеќето пратеници а посебно оние на ДУИ се на мислење дека ребалансот на буџетот кој беше одобрен за МРТ е со намена за каналот за 24 часовна програма на албански јазик,а не за кусокот на средства кој се јавија.
Членот на советот Златко Јанковски со мислење дека ние како Програмски совет не можеме да направиме нешто по однос на целокупната настаната ситуација, и дека сето ова е политички проблем,како и периодот кој е пред нас е таков чуствителен пред донесување на нов закон, и сигурен сум дека процесот ќе се одглави,а и целава работа ќе профункционира по носење на новиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Члаенот Ведат Мемедалија истакна дека прво ми е жал што повторно нема присутво на седницава од страна на Директорот на МРТ, а што се однесува до темата која ја расправаме мислам дека треба да се отпочне со експериментална програма, и притоа да се известат надлежните министерства како и Агенцијата за медиуми дека ќе се емитува таква програма за притоа да не се врши мониторинг на програмата на каналот.

Програмскиот совет по расправата по оваа точка предложи два Заклучоци:

■ Да се изготви Информација со која ќе се известат сите надлежни и засегнати институции во државата и од кој ќе се побара одговор каков е планот и што е превземено за да се исполнат условите за почеток на функционирањето на новиот канал за 24 часовна програма на албански јазик.

■ Да се изготви допис до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во кој ќе се побара мислење дали може новиот канал да отпочне со реализацијаи емитување на експериментална програма без притоа да има мониторинг од страна на агенцијата.

■ **Заклучоците** беа ставени на гласање:

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ ги **усвои** горенаведените Заклучоци.

ТОЧКА 3: **Дискусија со уредниците на програмските сервиси во Македонското радио во врска со емитуваната програма во 2017 година,за планот и досегашното остварување во 2018 година, и квалитетна анализа со насоки и планови за подобрување во 2018 и 2019 година.**
Беа повикани одговорните уредници Наташа Андреевска-Одговорен уредник на Прв програмски сервис МРА,Зоран Мирчевски- Одговорен уредник на Втор програмски сервис МРА и Аки Мустафа- Одговорен уредник на Трет програмски сервис МРА.
Прва со дискусија беше Наташа Андреевска која истакна дека како сервис сме задоволни од програмата која ја поминавме во 2017 година и истата беше на ниво какво што доликува на

едно национално радио и покрај многуте проблеми со кои се соочувавме.Што се однесува до работата на сервисот Наташа дополни дека Првиот програмски сервис е составен од 65 вработени од кои 52 се новинари и уредници.Треба да се каже дека во изминатите неколку години во радиото нема ниту едно вработување,подмладување на кадарот, а просечната старост во ППС на МРА-Р.Скопје е 54 години.Најмладиот новинар има 40 години.Исто така и условите во кои работат новинарите во програмското студио се лоши,нема воздух,стари плочи на зидовите полни со бактерии што доведува до гушење и алергии кај водителите и спикерите,стара техничка опрема,врата што не се затвора...што е недостоинствено и не доликува на национално радио.Како сервис Македонското радио нема службен автомобил за да испрати свои новинари на некој настан,туку само ако има место за нив покрај ТВ-новинарите,а и за известување од настан надвор од државата. Секогаш одат ТВ-новинари.Треба да се знае и тоа дека ППС на МРА-Радио Скопје е составен од вкупно 13 редакции од кои на пример, детската има 1 новинар,спортската -2, драмската 2-јца... дополни во своето излагање одговорниот уредник на прв сервис МРА Наташа Андрееска.Исто така има радио новинари кои и по 20 години вредно работење не се унапредени ниту една категорија иако е барано од моја страна.Затоа е потребно што побрзо преземање на соодветни мерки за да се санира постоечката состојба во ППС на МРА-Радио Скопје.
Потоа со збор се јави Зоран Мирчевски одговорен уредник на Втор програмски сервис кој прво ги запраша членовите на советот дали се запознати со колку вработени функционира вториот програмски сервис, а после и сам објасни дека имаат 7 вработени, и дека како сервис имаат идеја и сакаат да внесат некои новости во радиото, но сме условени од немање вработувања и немање на техника и услови, на повеќе пати имаме побарано прераспределба на вработени од една редкација во друга но и тоа не се остварува..
Претседателката на советот по излагањето на уредниците со став дека идејата на советот е да се почне со конкретни чекори,односно Програмскиот совет прво да увиди од вашите анализи, каде може да помогне, и потоа каде што може да помогне по однос на подобрување на програмата и во однос на условите за работа на вработените во сите сервиси на Македонското радио.
Договорено беше расправата по оваа точка и на оваа тема да продолжи на наредна седница.

**ТОЧКА 4: Разно.**
По оваа точка немаше расправа.

Седницата заврши во 12:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател